Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 25.01.2022

На 24.01.2022 во 14.30 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ш.К.(19) од с.Арачиново, скопско, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.01.2022 година во 15.30 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.А.(23) од Куманово, бидејќи непосредно пред тоа извршил кривично дело кражба, во деловен објект на ул.„Биљановска" во Куманово. Кај него биле пронајдени украдените предмети, кои ќе бидат вратени на сопственикот. С.А. бил приведен во полициска станица Куманово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар расчисти три тешки кражби, кои од 7.01. до 12.01. биле извршени во објект на „Железници на РСМ" во Гостивар и во два угостителски објекта во негова непосредна близина, а Е.П.(35) и А.М.(18), двајцата од Гостивар, се осомничени дека се извршители на кражбите. Тие со употреба на сила влегле во објектите и одделе повеќе предмети и пари. Одземените предмети се пронајдени и на 24.01.2022 се вратени на сопствениците, лицата биле лишени од слобода, а по документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 24.01.2022 од страна на вработен во Казнено поправната установа – Прилеп, кај Г.С.(53) од Прилеп, кој е на издржување казна затвор, биле пронајдени и одземени 49 таблетки. Против него ќе биде поднесен поднесок поради сомнение за сторено кривично дело по чл.215 од Кривичниот законик.

На 24.01.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Аеродром Р.М.(49) од Скопје, пријавила дека на ул.„Жорж Бизе" нејзината малолетна внука била касната од куче скитник.

На 24.01.2022 околу 12.45 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, на ул.„Панче Поповски" во Гостивар, го лишиле од слобода 22-годишниот гостиварец Ш.Ш., кој претходно од едно лице одзел клуч од возило, а поради нивни нерасчистени должничко-доверителски односи. Се расчистува и документира случајот по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.01.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 8 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 24.01.2022 во 10.20 часот било пријавено дека на ул.„Славеј Планина" во Скопје, патничко возило „ауди А4", со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Р.(18) од Скопје удрило во пешакот Ќ.У.(72) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ќ.У., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 24.01.2022 од 06.00 до 09.00 часот, на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. При контролата, откриени и санкционирани се две возила (ГВ) со неисправни сопирачки, кои веднаш биле исклучени од сообраќај, а на возачите изготвени им се соодветни поднесоци. Покрај ова, санкционирано е и 1 возило-минибус (ТЕ) кое не поседувало адекватна лиценца, а санкциониран бил, исто така, и 1 друг вид сообраќаен прекршок (ТЕ).

На 24.01.2022 во 11.35 часот во Полициската станица Аеродром, А.Ѓ.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Жорж Бизе" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 24.01.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, Р.Е.(73) од Скопје пријавила дека на бул.„Партизански одреди" била касната од куче скитник.

Денеска (25.01.2022) во 09.30 часот полициски службеници од Оперативен тим Потраги на подрачјето на Кисела Вода го лишија од слобода Б.М.(41) од Скопје. За него била распишана централна потерница, а по наредба од Основен суд Скопје 1. Тој се барал за издржување на казна затвор во времетраење од 1 година и 6 месеци во врска со чл.131 од Кривичниот законик. Б.М. ќе биде спроведен во казнано-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (25.01.2022), во периодот од 07.00 до 10.00 часот, на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 13 надвор од населено место и 4 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

Денеска (25.01.2022) полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишија од слобода О.С.(50) од Скопје. За него била распишана централна потерница со која се барал за доиздржување на казна затвор од 1 година и 7 месеци. О.С. ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за доиздржување на затворската казна.

Денеска (25.01.2022), во периодот од 07.00 до 10.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на брзината со која се движат возилата надвор од населено место, пред сѐ автобуси, комбиња и тешки товарни возила. При контролата откриени и законски санкционирани се вкупно 19 пречекорувања на максимално дозволената брзина (ТЕ-14 и ГВ-5). На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци, а санкциониран, исто така, бил и 1 друг вид сообраќаен прекршок (ГВ).

На 24.01.2022 во 23.00 часот на подрачјето на Гази Баба полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.Ј.(32) и М.М.(34), двајцата од Скопје. Тие околу 20.00 часот во спортска обложувалница во с.Стајковци со закана од вработениот одделе пари. Од полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Гази Баба бил извршен службен разговор со пријавените, при што тие во целост го појасниле начинот на извршување на кривичното дело. По целосно документирање на случајот од страна на ЕВР-Одделение за криминалистички работи Гази Баба ќе биде поднесена кривична пријава за сторено кривично дело „разбојничка кражба" по чл.238 од Кривичниот законик.

На 25.01.2022 во 00.45 часот, полициски службеници од ОВР Крива Паланка ги лишиле од слобода И.Г.(23) и Р.В. (27), двајцата од Крива Паланка. Имено, на 24.01.2022 околу 23.30 часот во угостителски објект на ул.„Илинденска" во Крива Паланка, тие физички го нападнале Т.С.(32), вработен во угостителскиот објект и оштетиле дел од инвентарот. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.01.2022 во 12.30 часот во СВР Штип, Т.Ѓ. пријавил дека на стариот магистрален пат Штип – Радовиш, кај Пиљаф Тепе, штипско, пронашол стара неактивирана експлозивна направа – артилериска граната од Првата светска војна. Увид извршила увидна екипа на СВР Штип, а пронајдената граната е обезбедена и предадена на Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 24.01.2022 во 20.30 часот Д.Т.(20) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром во угостителски објект, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од М.П.(37) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 25.01.2022 во 01.50 часот на подрачјето на Аеродром во угостителски објект од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил приведен Д.С.(24) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден метален боксирач. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.01.2022 во 11.10 часот Р.Ш.(42) од Скопје во Полициската станица Чаир пријавила дека на ул.„Радишански пат" била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.С.(61) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". На 14.12.2021 во Охрид, од страна на комунален инспектор од општина Охрид, при извршен инспекциски надзор, констатирана била узурпацијата на имот и донесено Решение за отстранување на градбата во рок од два дена. Имено, пријавениот завзел имот во државна сопственост, а доделен на користење на ЈУ Национален парк Галичица, во КО Љубаништа, со вкупна површина од 688 метри квадратни, при што го оградил со бетонски темел за изградба на дворна ограда, оневозможувајќи непречено користење на наведениот имот од неговиот вистински корисник.

На 24.01.2022 во 17.03 часот С.И.(70) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од А.Ф. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.01.2022 во 20.00 часот Ќ.Ш.(65) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.У.(70) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 19.03.2020 пријавениот во банка се обидел да пушти во оптек лажна банкнота од 50 евра, за која со вештачење од Дирекцијата за трезорско работење при Народната банка било потврдено дека е фалсификат.

На 24.01.2022 во 19.30 часот В.Н.(42) од Скопје пријавила дека околу 14.30 часот, додека била на нејзиното работно место на Институт за радиологија при Комплекс клиники „Мајка Тереза", дошол И.Р. и почнал агресивно да се однесува кон неа. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.01.2022 во 01.00 часот Л.Т.(22) од Скопје, пријавила дека на подрачјето на Аеродром била физички нападната од Ј.Б.(21) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Љ.Ј.(53) од Македонска Каменица и Г.Д.(48) од с.Истибања, виничко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење на службено дејствие". На 20.12.2021 во Македонска Каменица, на крстосницата од улиците „Александар Македонски" и „Рударска", пријавените спречиле полициски службеници во вршење на службени дејствија, однесувајќи се агресивно кон нив, по што Љ.Ј. физички нападнал еден од полициските службеници.

На 24.01.2022 во 22.30 часот во Полициската станица Карпош од Јавна установа Детски дом „11 Октомври" било пријавено дека од домот се оддалечила М.А.(16). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.